РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0401-228/2
18.09 2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР И РЕ-ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМАШТВО НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор и ре-избор на наставници во наставно и насловно звање, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 23.06.2017 година, за избор и ре-избор на наставник во наставно звање за наставната област Претприемаштво и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, бр. 0205-187/6-5, донесена на 07.07.2017 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Добри Петровски, редовен професор на Педагошкиот факултет во Битола, проф. д-р Методија Стојановски, редовен професор на Педагошкиот факултет во Битола и доц. д-р Лидија Стефановска, доцент на БАС Институтот за менаџмент, Битола

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор и ре-избор на наставници во наставно звање за наставната област Претприемаштво, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: д-р Таип Јакупи и еден кандидат за ре-избор: м-р Горазд Смилевски.

## Д-р Таип Јакупи

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Таип Јакупи е роден на 28.08.1965 година во с. Никиштани, Скопје. Средното образование го завршува во средното училиште „Зеф Љуш Марку“ во Скопје. Прв циклус на студии завршува на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката производно техничко образование. Студиите на втор циклус ги продолжува на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде во 2004 година успешно го брани својот магистерски труд со наслов „Организациското учење како стратегија за подобрување на квалитетот на работниот живот“ и се стекнува со квалификацијата Магистер по кадровски менаџмент. Докторските студии ги завршува на истиот институт во 2007 година каде успешно ја брани докторската теза „Моделирање на менторството во спроведување на организациските промени“ и се стекнува со квалификацијата Доктор по менаџмент.

Во однос на образованието, кандидатот има учествувано на повеќе семинари од меѓународен карактер во рамките на Светскиот поштенски сојуз од областа на управувањето, трансформациите и маркетингот. Исто така, има учествувано и на повеќе

семинари за Заштита при работа организирани од повеќе организации во државата, како и од Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија.

Кандидатот активно се служи со албанскиот, македонскиот, англискиот, францускиот, српскиот, хрватскиот јазик.

Моментално активно работи на издигнувањето и развојот на фамилијарниот бизнис во делот на трговијата и тоа повеќе од 20 години.

Рецензионата комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност кандидатот во јуни 2009 година е избран за Професор на висока стручна школа на Бизнис академија Смилевски – БАС, во Скопје за наставната област Претприемаштво. Подоцна, во декември 2012 година е избран за доцент во наставната област Претприемаштво од полето Бизнис менаџмент од страна на БАС Институтот за менаџмент, Битола. Во рамките на овој и претходниот избор во наставно и наставно-научно звање кандидатот реализираше настава за предметите кои припаѓаат во овие области со редовните, вонредните и студентите на втор циклус на студии на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје. Кандидатот исто така реализира и менторска настава.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот повеќе пати бил ангажиран како обучувач и консултант на ДЕТРА Центар, Скопје од областа на Водството.

Кандидатот бил ментор на 2 (два) специјалистички трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за одбрана на повеке специјалистички трудови, како член и како претседател на комисија.

Кандидатот бил рецезент на една книга во издание на Бизнис академија Смилевски – БАС, 360 степени фидбек-кариерен развој на МБА Симеон Трајковски.

### Научноистражувачка дејност

Во периодот од 2013 година до сега има објавено вкупно 8 трудови, од кои 5 научни и 3 стручни трудови.

Научни трудови:

- L. Stefanovska, T. Jakupi, Innovation in direction of maintenance of company's competitiveness, Second International Scientific Conference "Scientific Challenges for sustainable development", 25 April 2015, The Heritage, Book of Proceedings, International University Struga, No. 2/2015, ISSN 1857-7482, pp 170-185;

- T. Jakupi, M. Dimovska Kotevska, Licnost lidera I efektivno liderstvo, Personality and effective leadership, Regionalna nausnostrucna I biznis konferencija, Liderstvo I menadzment: drzava, preduzece, preduzetnik, Beograd, Srbija, 2015;
- M. Dimovska Kotevska, T. Jakupi, Human capital as a strategic resource for sustainable economic development – Challenges of modern organizational science and management, Fama College Economic Faculty, Pristina, Kosovo, 2015;
- М. Димовска Котевска, Т. Јакупи, Улогата на водството во интеграција на хуманите ресурси во организационите системи во услови на промени, Четврта меѓународна научна конференција, БАС Институт за менаџмент, Битола и Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, 2016;
- Т. Јакупи и М. Котевска Димовска, Улогата на водството во интеграцијата на компаниите и другите облици на организирање во индустриската зона Визбегово – Скопје, Четврта меѓународна научна конференција, БАС Институт за менаџмент, Битола и Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, 2016;

Стручни трудови:

- Т. Јакупи, Модел на менторство за спроведување на организациски промени, Втор симпозиум со меѓународно учество на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје и БАС Институт за менаџмент, Битола, 2013;
- Т. Јакупи, Знаењето, критичен ресурс на новата економија – битен предуслов за одржлива вработливост, Четврт симпозиум на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје и БАС Институт за менаџмент, Битола, 2015;
- Т. Јакупи, Г. Смилевски, Стратешки развој на квалитетот на работниот живот и ефективното работење – битен предуслов за одржлива конкурентност, Петти симпозиум на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје и БАС Институт за менаџмент, Битола, 2017;

Кандидатот исто така има објавено и две изданија:

- Организациското учење и човечките ресурси – Стратешки развој на квалитетот на работниот живот и ефективното работење, 2005, БИГОСС, Скопје;
- Заштита при работа и човечките ресурси – Оперативно обезбедување квалитет на работниот живот и продуктивност, 2005, БИГОСС, Скопје.

Во рамките на извршувањето на својата функција генерален директор на Македонска пошта, успешно ја спроведе организациско кадровската трансформација на претпријатието.

Во текот на 1997 година бил координатор на имплементацијата на системот за ИТ во Државниот инспекторат за труд.

Од 2006 до 2012 година работи во Министерството за труд како државен инспектор за труд.

Во текот на 2009 година е иницијатор за организирано дејствување на бизнисмените од индустриската зона Визбегово-Стенковец и еден од основачите на Здружението на приватни стопанственици на индустриската зона Визбегово-Стенковец.

Во текот на 2012 година, во период од 6 месеци беше избран за в.д. Директор на Бизнис академија Смилевски – БАС во Скопје.

Од 2007 година е одговорен за стратегијата и развојот на фамилијарниот бизнис ДТПУ САРП ЛТД, Скопје.

Во однос на научно-истражувачката дејност, кандидатот има учествувано и на научните конференции и симпозиуми во организација на БАС и БАСИМ како член на програмскиот, односно организацискиот одбор.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Таип Јакупи во однос на стручно-апликативната дејност ги има преземено следниве активности.

Кандидатот беше член на експертскиот тим за изработка на Методологија за рангирање на Високообразовните институции.

Кандидатот д-р Таип јакупи е вклучен во работата на бројни комисии на Бизнис академија Смилевски - БАС и тоа:

- Дисциплинска комисија;
- Рецензентска комисија за избор во наставно/насловно звање ;
- Член на комисии за изработка на подзаконски акти;
- Член на комисијата за избор на истакнати стручњаци од практиката – клиничари;

Добитник е на над 10 Сертификати за учество на конференции, симпозиуми, обуки, работилници и курсеви во областа и пошироко.

**Оценка од евалвација**

Кандидатот д-р Таип Јакупи за својата досегашна изведба на наставата и неговиот квалитет, секогаш добивал преодни и позитивни оценка од страна на студентите кои ја следеле неговата настава по предметите кои тој ги предава на Бизнис академија Смилевски – БАС.

## М-р Горазд Смилевски

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Горазд Смилевски е роден на 27.07.1974 година во Скопје. Средното образование го завршува во средното училиште „Раде Јовчески Корчагин" во Скопје на насоката математичар – информатичар. Високото образование го започнува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во студиската 1995/1996 година, каде завршува како професор по англиски и албански јазик. Студиите на втор циклус ги продолжува на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде студира во периодот од 2008 и 2012 година и се стекнува со квалификацијата Магистер по менаџмент на човечки ресурси.

Во однос на образованието, кандидатот има посетувано и напредни обуки од повеќе области:

- Напредна обука за претприемништвото, ДЕТРА Центар, Скопје, мај 1993;
- Семинар за мултикултурно разбирање, Transeurepeens, Охрид, мај 1997;
- Обука за фасилитаторски вештини за интерни тимски интегратори, ДЕТРА Центар, Скопје, ноември 1998;
- Програма за алтернатива на насилството, AVP – Alternative to Violence Program, Филозофски факултет, Скопје, јуни 1999;
- Обука за деловна комуникација, ДЕТРА Центар, Скопје, септември 1999;
- Обука за внатрешни ревизори на стандардот ISO9001:2000, Белград, септември 2001;
- Обука за родови прашања, Евробалкан, Охрид, март 2002;
- Претприемаштво – Програма за развој на наставен кадар, ИСТУД, Сараево, Босна и Херцеговина, октомври – ноември 2002;
- Претприемаштво – Програма за развој на наставен кадар, Консултанство, Фирма 2000, Белград, мај 2003;
- Претприоемаштво – Програма за развој на наставен кадар, Сметководство, Водство, Менаџмент на човечки ресурси, Скопје, ноември 2002 – декември 2003;

Кандидатот активно се служи со англискиот, српскиот, хрватскиот, бугарскиот како и албанскиот јазик.

Кандидатот моментално работи како Управител на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, Консултант за организациски промени во ДЕТРА Центар, Скопје, Предавач за наставната област Претприемаштво и предавач за наставната област Менаџерско консултанство на Бизнис академија Смилевски – БАС.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност кандидатот во декември 2013 година е избран за предавач на висока стручна школа за наставната област Претприемаштво и наставната област Консалтинг менаџмент. Во рамките на овој избор кандидатот реализираше настава за предметите кои припаѓаат во овие области со редовните, вонредните и студентите на втор циклус на студии на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје. Кандидатот исто така реализира и менторска настава.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот бележи и обучувачко искуство кое успешно го реализира како раководител на бројни обучувачки работилници. Во однос на неговото претходно работно искуство, може да се констатира дека кандидатот има доста специфично искуство во областа преку одржување на обуки во областа во која предава. Како специфични активности во периодот од претходниот избор до сега (од декември 2013 до денес) може да се наведат:

- Обучувач на Обуката на обучувачи и фасилитатори, Туристичка агенција АТЛАНТИС, Струмица, 2013-2014;
- Обучувач на Обуката за обучувачи, НИКОБ Обезбедување, Скопје, октомври 2014;
- Фасилитатор на Регионално стратешко планирање, DVV International, Скопје, ноември 2014;
- Обучувач на Обуката за Развивање на внатрешни капацитети на НВО, USAID Local Capacity Development Workshop, ноември 2014;
- Консултант и обучувач на Планирање на нов бизнис, Маркетинг Агенција Република, Скопје, септември-октомври 2015;
- Обучувач на Обуката за обучувачи, Спортлајф, Скопје, септември 2015-денес;
- Консултант и обучувач на Сеопфатна организациска дијагноза, Секретаријат за европски прашања на Р. Македонија, Маврово, февруари 2015;
- Консултант за Мапирање на деловни процеси, НВО Отворете ги прозорците, Скопје, септември – декември 2015;
- Консултант на Изработка на кодекс за однесување, НВО Отворете ги прозорците, Скопје, септември – декември 2015;
- Обучувач на Обука на обучувачи,НИКОБ Обезбедување, Битола, јуни - ноември 2015;

- Обучувач на Обука за обучувачи, Инспекциски совет на Р. Македонија, Битола, март 2015;
- Консултант на Мапирање на деловни процеси, НВО Центар за развој на медиуми, Скопје, декември 2015;
- Обучувач на обука за комуникациски вештини, АЛМА-М, Скопје, февруари 2015;
- Обучувач и фасилитатор на Градење на тим на ПДУ и Мониторинг, OSCE Spilover Mission to Skopje, Маврово, ноември 2015;
- Модератор на Стратешко планирање на ИПА структурата во Р. Македонија, GIZ-IPA Оперативна структура, Гевгелија, април 2016;
- Обучувач на Градење на тим и почеток со организациски промени, Агенција за поддршка и промоција на туризмот на Р. Македонија, Охрид, март 2016;
- Обучувач на Тимски ритрит со фокус на управување со стресот на работното место, Секретаријат за европски прашања на Р. Македонија, Скопје, ноември 2016;
- Обучувач и фасилитатор на Градење на тим на ПДУ и Мониторинг, Маврово, септември 2016;
- Обучувач на обуката за Водство, Key Safety System, Кичево, ноември 2016;
- Обучувач на обуката Надзорнички вештини, Key Safety System, Кичево, март 2017;
- Обучувач на обуката за Типологија на личност и комуникациски вештини, Tab Tale, Скопје, мај 2017;

Кандидатот бил ментор на 3 (три) специјалистички трудови кои се во завршна процедура на менторирање.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 81 дипломски и 2 специјалистички трудови, како член на комисија.

Кандидатот е ко-автор на 2 интерни скрипти од предавања, компендиуми и авторизирани предавања: Бизнис лабораторија и Претприемаштво, за кои има изготвено и пакет материјали.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот од декември 2013 до денес, кандидатот има објавено еден научен и два стручни труда. Научниот труд е објавен на конферецијата PILC одржана воРијека во март 2017 година, каде го презентира својот научен труд со наслов „Leadership styles and personality temperaments an observed connection between personality temperaments and preferred leadership style. Останатите два стручни труда се објавени на петтиот симпозиум

организиран од страна на Бизнис академија Смилевски и БАС Институтот за менаџмент во април 2017 година: „Стратешки развој на квалитетот на работниот живот и ефективното работење – битен предуслов за одржлива конкурентност" во ко-авторство со проф. д-р Таип Јакупи и „Анализа на потреба за обуки произлезени од проценка на изведбата на вработените" во ко-авторство со Ненад Дафинчевски, МБА. Кандидатот има објавено апстракт на четвртата меѓународна научна конференција организирана од страна на БАС Институтот за менаџмент, Битола, Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, Битола и Здружението на економисти и менаџери на Балканот, Белград, Србија во ноември 2016 година со наслов „Financial confidentiality and gender distribution in Entrepreneurial companies.

<u>**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**</u>

М-р Горазд Смилевски, во однос на стручно-апликативната дејност ги има преземено следниве активности.

Кандидатот од 2008 година е редовен член на Комисиите за упис на студенти на прв и втор циклус на студии на Бизнис академија Смилевски – БАС и на конкурсните комисии за доделување на стипендии на студенти на прв циклус на студии.

Носител е на проектот МОКУ – Матрица на очекувана кариерна успешност, професионална ориентација за средношколци, кој Академијата во континуитет се спроведува од 2010 година.

Добитник е на над 20 Сертификати за учество на конференции, симпозиуми, обуки, работилници и курсеви во областа и пошироко.

<u>**Оценка од самоевалуација**</u>

Кандидатот м-р Горазд Смилевски за својата досегашна изведба на наставата и неговиот квалитет, секогаш добивал позитивна оценка од страна на студентите кои ја следеле неговата настава по предметите кои тој ги предава на Бизнис академија Смилевски – БАС. За тоа сведочат сите позитивни евалвации добиени од семестралната евалвација на изведбата на наставникот направена од страна на студентите на кои тој им предавал, од кои се гледа дека кандидатот остварува максимални резултати скоро по секоја компонента која е предмет на оценување.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатите д-р Таип Јакупи и м-р Горазд Смилевски.

Врз основа на предвидените услови за избор во наставно звање професор на висока стручна школа, кандидатот д-р Таип Јакупи ги има исполнето основните критериуми за избор, односно има завршено докторски студии, има објавено научни и стручни трудови, има практично искуство од најмалку 5 години, има позитивна оценка на семестралните

евалвации за квалитетот на изведбата на наставникот што го ослободува од хабилитација, односно проверка на предавачките компетенции.

Врз основа на предвидените услови за ре-избор во наставно звање виш предавач, кандидатот м-р Горазд Смилевски ги има исполнето основните и дополнителните критериуми за ре-избор, односно има завршено втор циклус на студии од областа, има објавено стручни и научни трудови, има способност за наставна и високо стручна работа што се потврдува од позитивните евалвации од страна на студентите и менаџментот, има практично искуство во наставната работа, има подготвено наставен материјал за наставниот предмет Претприемаштво, има учествувано на сите стручни и научни собири организирани од страна на Академијата, има учествувано на наставните и обучувачките работилници организирани од страна на Академијата, го трансферира своето знаење на помладите кадри и колегите и дава придонес во оспособувањето на млади наставници.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите Комисијата заклучи дека д-р Таип Јакупи и м-р Горазд Смилевски поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – БАС и ги исполнуваат сите услови да бидат избрани, односно ре-избрани во наставната област Претприемаштво.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС, д-р Таип Јакупи да биде избран во наставно звање Професор на висока стручна школа за наставната област Претприемаштво, а м-р Горазд Смилевски да биде ре-избран во наставно звање Виш предавач на висока стручна школа за наставната област Претприемаштво.

Скопје, 29 август, 2017

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Добри Петровски**

**Проф. д-р Методија Стојановски**

**Доц. д-р Лидија Стефановска**